V. 15. 7. 69.
VRHOVNO SODIŠČE LJUBLJANA
2155 Централна правосудна кн.
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9


# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 9 јули 1969
Скопје
Број 25 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16


**228.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за Републичкиот фонд за води („Службен весник на СРМ“ бр. 37/64), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ВОДИ ЗА 1968 ГОДИНА

I

Се дава одобрение на Завршната сметка на Републичкиот фонд за води за 1968 година, што ја донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за води на седницата одржана на 4. III. 1969 година под бр. 13/1.

II

Оваа одлука влегува во сила третиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2263
24. VI. 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**229.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за Републичкиот фонд за води („Службен весник на СРМ“ бр. 37/64), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ВОДИ ЗА 1969 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за води за 1969 година, што го донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за води на седницата одржана на 18. IV. 1969 година под бр. 18/1.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2264
26. VI. 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**230.**

Врз основа на член 6 од Законот за обезбедување девизи на општествено-политичките заедници, установите, општествените организации и граѓанските правни лица („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/69), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАСПОРЕДОТ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1969 ГОДИНА

1. Девизите во износ од 4.386.000 динари, утврдени за потребите на Социјалистичка Република Македонија, можат да се користат за стоковни и нестоковни плаќања за потребите на републичките органи, општествено-политичките заедници, установите, општествените организации и граѓанските правни лица и тоа за:

1) стоковни плаќања износ од 1.554.250 динари
2) нестоковни плаќања износ од 1.177.300 „
3) подмирување на непредвидени и недоволно предвидени расходи (резерва) до износ од 1.654.450 „

За користењето на средствата од резервата одлучува Извршниот совет. Извршниот совет правото за располагање со резервата до висина од 5.000 динари може да го пренесе на Републичкиот секретар за финансии.

2. Износите на девизите доделени на одделни корисници се утврдени со посебен распоред кој е составен дел на оваа одлука.

3. Од вкупниот износ на девизите, утврден со точка 1 на оваа одлука, може да се користи 55% во девизи кои се од значење за одржувањето ликвидноста во меѓународните плаќања, а 45% во други девизи.

Извршниот совет или органот што тој ќе го овласти може, придржувајќи се за односите од претходниот став, да одобрува на одделни корисници користење на девизите и во други односи од односот одреден во став 1 на оваа точка.

4. Се овластува Извршниот совет да врши пренесување на распределените износи на девизите меѓу корисниците, по претходно прибавена согласност од нив, доколку не ќе можат да ги искористат распределените им девизни средства според оваа одлука.

5. Извршниот совет ќе му поднесе на Собранието на Социјалистичка Република Македонија извештај за користењето на девизите според оваа одлука до 30 април 1970 година.

6. Утврдениот износ на девизи според оваа одлука на Универзитетот во Скопје, ќе го распредели по факултети Универзитетот во Скопје.

7. Износите на девизите што се искористени до донесувањето на оваа одлука се засметуваат во износите на одделни корисници утврдени со посебниот распоред, кој е составен дел на оваа одлука.

8. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2268
26. VI. 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

Распоред на девизите за 1969 година на одделни корисници:

| Ред. број | Корисник | Износ во динари врз база на единствен курс $=12.50 дин. | |
|---|---|---|---|
| 1. | Извршен совет | | |
| | — за стоковни плаќања | | 70.000 |
| 2. | Републички секретаријат за внатрешни работи | | |
| | — за стоковни плаќања | 600.000 | |
| | — за нестоковни плаќања | 100.000 | 700.000 |
| 3. | Републички секретаријат за народна одбрана | | |
| | — за стоковни плаќања | | 6.250 |
| 4. | Републички секретаријат за образование, наука и култура | | |
| | — за нестоковни плаќања | | 20.300 |
| 5. | Републички секретаријат за народно здравје и социјална политика | | |
| | — за нестоковни плаќања | | 80.000 |
| 6. | Републички секретаријат за земјоделство и шумарство | | |
| | — за нестоковни плаќања | | 25.000 |
| 7. | Републички завод за статистика | | |
| | — за стоковни плаќања | | 110.000 |
| 8. | Републичка комисија за културни врски со странство | | |
| | — за нестоковни плаќања | | 177.000 |
| 9. | Републичка комисија за верски прашања | | |
| | — за нестоковни плаќања | | 200.000 |
| 10. | Македонска академија на науките и уметностите | | |
| | — за нестоковни плаќања | 25.000 | |
| | — за стоковни плаќања | 18.000 | 43.000 |
| 11. | Универзитет — Скопје | | |
| | — за стоковни плаќања | 700.000 | |
| | — за нестоковни плаќања | 300.000 | 1.000.000 |
| 12. | Републички завод за социјално осигурување | | |
| | — за нестоковни плаќања | | 150.000 |
| 13. | Собрание на општината на град Скопје | | |
| | — за стоковни плаќања | 50.000 | |
| | — за нестоковни плаќања | 100.000 | 150.000 |
| 14. | За непредвидени и недоволно предвидени расходи (резерва) | | 1.654.450 |

231.

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за наградата „Климент Охридски", Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 27 мај 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДАТА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

1. Се потврдува Правилникот за работа на Одборот за доделување наградата „Климент Охридски", донесен од Одборот на седницата одржана на 2 април 1969 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2267
26. VI. 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

232.

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за наградата „11 Октомври", Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 27 мај 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „11 Октомври"

1. Се потврдува Правилникот за работа на Одборот за доделување наградата „11 Октомври", донесен од Одборот на седницата одржана на 18 март 1969 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2266
26. VI. 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

233.

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за наградата „Мито Хаџи Василев — Јасмин", Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 27 мај 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАБОТА НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ — ЈАСМИН"

1. Се потврдува Правилникот за работа на Одборот за доделување наградата „Мито Хаџи Василев — Јасмин", донесен од Одборот на седницата одржана на 18 април 1969 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 2265
26. VI. 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

234.

Врз основа на точка I од Одлуката за образување Заедничка комисија на Републичкиот и Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ за изработување Предлог на закон за здравствената заштита и здравствената служба, Собранието на СРМ, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 25 јуни 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 28 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ И СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ЗДРАВСТВЕНА СЛУЖБА

I. Од Заедничката комисија се разрешуваат:

а) претседателот

Милка Таќева — Глигориевиќ, пратеник во Републичкиот собор; и

б) членови:

1. Аризан Несторовски, пратеник во Републичкиот собор;
2. проф. д-р Димко Кепески, поранешен пратеник во Социјално-здравствениот собор;
3. Јусуф Реџепи, поранешен пратеник во Социјално-здравствениот собор;
4. д-р Димитар Котевски, поранешен пратеник во Социјално-здравствениот собор;
5. д-р Томе Бајрактаров, поранешен пратеник во Социјално-здравствениот собор;
6. д-р Милица Вандевска, поранешен пратеник во Социјално-здравствениот собор; и
7. д-р Драган Петровски, поранешен пратеник во Социјално-здравствениот собор.

II. Во Заедничката комисија се избираат:

а) за претседател

Боро Мокров, пратеник во Републичкиот собор;

б) за членови:

1. Раде Петровски, пратеник во Републичкиот собор;
2. д-р Милош Миланов, пратеник во Социјално-здравствениот собор;
3. д-р Милан Гавриловски, пратеник во Социјално-здравствениот собор;
4. д-р Никола Стојановски, пратеник во Социјално-здравствениот собор;
5. д-р Василија Давидовски, пратеник во Социјално-здравствениот собор;
6. Илија Пуздерлиски, пратеник во Социјално-здравствениот собор; и
7. д-р Ѓорѓи Трендафиловски, пратеник во Социјално-здравствениот собор.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 2288
26. VI. 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

235.

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 3 од Законот на музејските установи („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Археолошкиот музеј во Скопје:

1. д-р МИХАЈЛО ПЕТРУШЕВСКИ, професор на Филозофскиот факултет во Скопје и
2. Бошко Бабиќ, директор на Народниот музеј во Прилеп.

II. За членови на Советот на Археолошкиот музеј во Скопје, со мандат од две години се именуваат:

1. РАДЕ ПЕРЧУКЛИЕВСКИ, академски вајар и
2. ПЕРО ТРПЕНОВСКИ, директор на Младинското туристичко биро во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-1223/1
9 јуни 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

**236.**

Врз основа на член 50 став 1, алинеја 3 од Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на СРМ“ бр. 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата Скопје:

1. ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ
2. ЉУПЧО ГЕРАСИМОВ

II. За членови на Советот на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, со мандат од две години, се именуваат:

1. МИТРЕ МАРКОВСКИ, секретар на Туристичкиот сојуз на СР Македонија и
2. МИЛЕ КОРУБИН, академски сликар.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-1265/1
9 јуни 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев**, с. р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за дополнување на Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 16/69 година, се поткраднала грешка па поради тоа се дава

## ИСПРАВКА
### НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТЕЊЕТО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

Во член 38б, по ставот 3 треба да стои став 4 кој гласи:

„Внатрешната организација на Бирото ја утврдуваат заеднички секретарот на Бирото и работната заедница во согласност со Извршниот совет.“

Број 914
20 јуни 1969 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

---

# Службени објави

## ДОПОЛНУВАЊЕ
### НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на производители на семе е запишана следната организација:

— Земјоделското стопанство „Душан Ќириќ“ с. Росоман — Кавадарци, за производство на семе од пченица, останати стрни жита, индустриски култури — памук и градинарски култури. Рег. број 48, страна 48, книга I, решение број УП 10—20 од 11. VI. 1969 година;

— Агрокомбинатот „Малешевска слива“ — Берово, за производство на семенски компир. Рег. број 49, страна 49, книга I, решение број УП 10—26 од 11. VI. 1969 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

---

## ДОПОЛНУВАЊЕ
### НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на доработувачи на семе е запишана следната организација:

— Земјоделското стопанство „Душан Ќириќ“ с. Росоман — Кавадарци, за доработка на семе од житни култури. Рег. број 39, страна I. решение број УП 10—19 од 11. VI. 1969 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

---

## ДОПОЛНУВАЊЕ
### НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 9 став 3 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал се запишани следните организации:

I. — ЗА ОВОШТАРСТВО

— Деловното здружение „Југопамук“ Струмица, за производство на црничкови садници. Рег. број 15, страна 15, книга I, решение УП 10—30 од 11. VI. 1969 година.

II. — ЗА ШУМАРСТВО

— Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн Бор“ — Прилеп, рег. број 12, страна 12, книга III, решение број УП 10—27 од 16 VI. 1969 година;

— Установата за комунална хигиена и јавно зеленило — Битола, рег. број 13, страна 13, книга III, решение број УП 10—29 од 16. VI. 1969 година и

— Водостопанското претпријатие „Пелагонија“ Битола, рег. број 14, страна 14, книга III, решение број УП 10—31 од 16. VI. 1969 година.

ОД РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

---

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При овој суд се води постапка по тужбата на тужителите Дестановиќ Хусеин и Амир Шабан Рамдедовиќ од Скопје, ул. „213-а“ бр. 36, против тужениот Хасан Мериз Раман, со непознато место на живеење, за утврдување на сопственост на недвижен имот, вредност на спорот 20.000 нови динари.

Се повикува тужениот Хасан Мезир Раман да се јави во судот или во рок од 30 дена да ја соопшти и достави својата адреса. По истекот на овој рок судот ќе му одреди времен старател во смисла на член 77 од ЗПП, кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1008 од 17. VI. 1969 година. (49)

---

При овој суд се води постапка по тужбата на Анастасиевиќ Зора од Скопје, ул. „Партизанска" бр. 78—6/3 против тужениот Ангеловски Кирил, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Ангелковски Кирил во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да ја достави својата адреса. Во противно судот ќе му одреди старател, кој ќе го застапува во бракоразводната парница а во смисла на чл. 77 од ЗПП.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 811/69. (47)

## ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Антон Донче Мицевски, од село Лесково, сега во Канада, на адреса 57 Спрингмаунт Авенуе, Торонто 4, Онтарио кој го застапува Марко Богдановиќ ,адвокат од Александровац — Жупа, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Цвета Мицевска, од Загориче, сега во неизвесност. Бидејќи тужената е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 148/69. (42)

---

Мехмедовски Меџит од Прилеп, ул. „Дабнички завој" бр. 55, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Хајроска Хасиме од Прилеп, сега во неизвесност. Бидејќи тужената е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 248/69. (43)

---

Елмазовска Магбуле од Ресен, ул. „Јосиф Јосифовски" бр. 147, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот пртив Елмазовски Екрем од Ресен, сега во неизвесност. Бидејќи тужениот е во неизвесност и со непознато место на живеење, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно на тужениот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 367/69. (44)

---

Фератовски Љутвија од село Лабуништа, поднесе тужба до вој суд за развод на бракот против Фератовски Асим од село Лабуништа, сега во неизвесност. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе му се одреди застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 628/67. (45)

---

Агапи Поп Георгиева, по татко Сарафова од Битола, ул. „Стерјовски Г. Џоџа" бр. 11/9, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Спиро Христов Поп Ѓорѓиев од село Загоричани, сега во неизвесност. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 449/69. (48)

# РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, страна 487, книга III е запишано следното: Фирмата на Политичката школа на ЦК СКМ — Скопје, согласно со одлуката бр. 01-475 од 27.VIII.1968 година на советот на работната заедница се менува и гласи: Републички центар за идеолошко-политичко образование и студии — Скопје.

Според цитираната одлука и дејноста на Центарот се состои во:

организирање разновидни краткотрајни облици за идеолошко политичко образование: семинари, курсеви, симпозиуми, советувања, дебати, предавања, разговори и др. Овие облици се организираат за да ги обработуваат проблемите и појавите и другите области, давајќи му акцент на динамичното спроведување на мислењата и ставовите, некритичкото согледување на стекнатите искуства низ практиката, со цел да се збогатуваат теоретските сознанија на марксистичката мисла и социјалистичката практика;

да ги направи пристапни актуелните и другите општествено-економски, политички и културни настани за одредените профили на општественополитичките кадри, со цел да ги оспособи поквалификувано и поуспешно да ги вршат своите општествени функции во работните и општественополитичките организации, во претставничките органи и органите на управата и др.; да им ги проширува сознанијата за современите општествени текови во земјата и во светот, а особено во меѓународното работничко движење;

организира советувања и дебати за најактуелните проблеми од економската политика и идејната изградба на нашето општество, кои главно ќе се организираат на иницијатива на републичките органи на општествено-политичките организации, работните организации и другите институции, поради усогласувањето на ставовите по одредени општествено-политички прашања за кои постојат повеќе мислења и решенија;

организира редовно школување до колку се појави потреба и интерес од страна на работните организации и комуните;

организира вонредно школување со цел да одреди категории на работните луѓе да им пружа основни знаења од областа на општествените науки, што носи проблеми и појави во себе;

организира студиско-аналитичка дејност со цел да го следи и изучува идеолошко-политичкото образование и другите форми на идејно-политичко делување во работите на општествено — политичките организации во Републиката, застапеноста на овој вид образование на сите степени од редовниот систем на школување, како и тоа, какво место му е дадено во печатот и другите средства на информирање (радио, телевизија) на овој вид образование;

---

развива своја издавачка дејност во следните насоки:

ја следи, изучува и иницира издавачката дејност преку редовните издавачки куќи во Републиката за теми врзани со идејно-политичко образование;

издава одбрани материјали од организираните советувања дебати, семинари и др. при Центарот како и прирачници за редовно и вонредно школување;

составува библиографија од доменот на својата редовна дејност;

соработува со општествено-политичките организации, со другите високообразовни институции и стручни здруженија, што се занимаваат со политичките науки, а особено со работничките универзитети, со цел да овозможи поголемо комуницирање и преземање на искуствата на планот на идеолошко-политичкото образование и неговото унапредување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 124 од 23.XII.1968 година. (9)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 3-XII-1968 год. рег. бр. 39/66 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Нико Налбанти на Економското училиште „Јане Сандански“ од Битола.

Се овластува Тупаровски Стефан, директор, покрај досегашниот потписник Апчева Вида, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 47/68. (298)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 24.I.1969 година, рег. бр. 15/65 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ристевски Глигур, директор на Установата — Управа за пазари во Прилеп.

Се овластува Мизговски Смиле, в.д. директор, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 4/69. (340)

---

Собранието на општината Крушево изврши промена во регистарот на установите со самостојно финансирање на страна 6, број 7 во Ветеринарната станица — Крушево, со решението бр. 03-267/1 од 17.II.1969 година која се состои во следното: Досегашниот потписник на Ветеринарната станица Ташкоски Велко беше привремен потписник на установата.

За потписници на Установата се овластуваат: Никола Геру и Хасану Таса кои ќе ја застапуваат и потпишуваат Ветеринарната станица. (392)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 24. XII. 1968 година, рег. бр. 55/65 е запишано следното: Основното училиште „Кирил и Методи“ од село Плетвар, престана со својата работа и се брише од регистарот на установите кој го води овој суд поради присоединување и тоа на:

— подрачната паралелка во с. Плетвар кон Основното училиште „Кире Гаврилоски“ во Прилеп;

— подрачните паралелки во с. Беловодица и Оревоец и половина од вишите одделенија кон Основното училиште „Браќа Миладинови“ во Прилеп;

— подрачната паралелка во с. Лениште и една половина од вишите одделенија кон Основното училиште „Добре Јовановски“ — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 50/68. (339)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 28. X. 1968 година, рег. бр. 106/55 е запишано следното: Досегашниот директор на Медицинското училиште во Битола Радмила Милуновиќ се менува. За директор е поставена Василева Павлина.

Се овластува досегашниот потписник Нада Давкова, режисер, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 38/69. (69)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 25. II. 1969 година, рег. бр. 35/66 е запишана под име: Испоставa во Ресен, на Заводот за запослување на работници во Струга. Предмет на работењето на испоставата е да ги врши работите определени со Законот за запослување на работниците.

Раководител на испоставата е Мите Калиев Суклевски.

Испоставата е основана од Заводот за запослување на работници Струга, со одлуката бр. 02-425/1 од 13. XII. 1968 година од Советот, одлуката бр. 02-543/1 од 14. X. 1968 година од работната заедница на Заводот за запослување на работници — Битола и спогодбата бр. 01-9311/1 од 19. XII. 1968 година на собранијата на општините Струга и Ресен.

Потпишувањето ќе го врши Мите Калиев Суклевски, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 53/68. (399)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 9. VII. 1968 година, страна 178, реден број 2 е запишана промената на досегашниот директор на Градската бања „Кежовица“ од Штип — Боро Ристов Шопов. За директор е наименуван Будимир Ѓурковиќ, кој е овластен да ја претставува и потпишува установата.

Промената на директорот е запишана во регистарот врз основа на решението бр. 1 од 20. VI. 1968 година, на работната заедница.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 16/68. (126)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 26. VI. 1968 година, страна 2, реден број 3 е запишано следното: Благој Кедев, назначен за началник на Службата за управно-правно работење на Медицинскиот центар во Штип е овластен колективно со другите овластени лица и тоа само по два, да ја потпишува жиро-сметката на Центарот.

Новоовластениот потписник на Медицинскиот центар е запишан во регистарот, врз основа на одлуката бр. 06-14/10 — 10 од 3. V. 1968 година, на Советот на работната заедница.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 12/68. (127)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 11. II. 1969 година, рег. бр. 31/66 е запишано следното: Се проширува дејноста на Установата за комунална хигиена и јавно зеленило — Битола, уште со продажба на сувенири.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-793/3 од 20-XII. 1968 година на работничкиот совет на Установата за комунална хигиена и јавно зеленило — Битола, и решението бр. 08-85/1 од 27. I. 1969 година, на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 6/69. (397)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 11. II. 1969 година, рег. бр. 31/66 е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата за цвеќе — Битола, на Установата за комунална хигиена и јавно зеленило — Битола, уште со продажба на сувенири.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 01-738/3 од 6. VI. 1968 година на Советот на Установата за комунална хигиена и јавно зеленило — Битола, и решението бр. 58-33/234/4831/1 од 21. X. 1968 г., на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 7/69. (398)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 100, страна 624, книга I е запишано следното: Досегашниот директор на Основното училиште „Маршал Тито“ — Тетово Закоска Марија е разрешен од должност и ѝ престанува правото за потпишување.

За директор на Основното училиште „Маршал Тито“ — Тетово е назначен Коцески Перо, кој училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 19. IX. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 98 од 23. XII. 1968 година. (10)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 6. III. 1969 година, рег. бр. 52/66 е запишано следното: Општинската аптека „4 јули“ од Демир Хисар, престана со својата работа и се брише од регистарот на установите кој го води овој суд, поради присоединување кон Здравствената станица — Демир Хисар.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-43 од 24. II. 1969 година на советот на Општинската аптека „4 јули“ — Демир Хисар, и решението бр. 10-488/1 од 27. II. 1969 година, на Собранието на општината Демир Хисар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус бр. 10/69. (442)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 6. III. 1969 година, рег. бр. 58/65 е запишано следното: Се проширува дејноста на Здравствената станица во Демир Хисар, уште со снабдување на населението со потребни лекови и други средства за лекување, набавува, изработува и става во промет средства за лечење за општа хигиена на населението, изработува, набавува и издава лекови и други средства за лекување и употреба во ветеринарството.

Оваа промена е извршена согласно со одлуката бр. 02-45 од 24. II. 1969 година, на советот на Здравствената станица — Демир Хисар и Аптеката „4 јули“ — Демир Хисар, и решението бр. 10-488/1 од 27. II. 1969 година, на Собранието на општината Демир Хисар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 11/69. (443)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 13. III. 1969 година, рег. бр. 5/68 е запишано следното: Се запишува во регистарот на установите, р. бр. 5/68 конституирањето на Самостојната музејска збирка во Ресен.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 9/69. (445)

### ИСПРАВКА

Во огласот на Металскиот училишен центар „Тито“ од Охрид, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 3/69, под оглас бр. (2048), место зборот „Метален“ треба да стои „Металски“.

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. IX. 1968 година, рег. бр. 20/68, книга II е запишана под фирма: Продавница од Охрид, ул. „Река Места“ бр. 1, на Трговското претпријатие за промет и посредување на големо и мало „Гросист“ — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е промет со електро-индустриска стока.

Раководител на продавницата е Димитар Сенгуловски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Гросист“ — од Скопје, со одлуката бр. 686 од 2. VII. 1968 година, на работничкиот совет и решението бр. 07-904 од 30. VIII. 1968 година, од Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 430/68. (2073)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 31. X. 1968 година, рег. бр. 116/55 книга II е запишано следното: се овластува инж. Глигор Андоноски — директор, покрај досегашниот потписник ННикола Алексоски, да го потпишува Земјоделското стопанство „Мирче Ацев“ с. Старо Лагово.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 495/68. (2139)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. X. 1968 година, рег. бр. 9/61, книга II запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Миле Гошарески — директор на Производното трговско претпријатие „Метал“ од Ресен

Се овластува Киро Котевски в. д. директор, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 465/68. (2143)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 2. X. 1968 година, рег. бр. 42/68, книга I е запишана под фирма: Продавница број 13 во Прилеп, ул. „Маршал Тито“ бр. 13, на Фабриката за чевли „Коштана“ од Врање. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови чевли.

Раководител на продавницата е Мирчевски А. Димче.

Продавницата е основана од Фабриката за чевли „Коштана“ од Врање, со одлуката од работничкиот совет од 10. V. 1968 година и уверението на санитарниот и пазарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Потпишувањето ќе го врши Мирчевски А. Димче, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 458/68. (2147)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните рег. бр. 1230, страна 1261, книга V е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Претпријатието за промет на големо и мало, со посредништво „Гранттекс“ — Скопје, ул. „Наум Наумоски Борче“ бр. 63, Перо Секуловски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на споменатото претпријатие е назначен Златанов Александар, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Каранфилов Аце, шеф на сметководството, сметано од 23. X. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1105 од 31. X. 1968 година. (2117)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 688, страна 61, книга V е запишано следното: Дејноста на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Скопско Поле“ — Скопје, согласно со одлуката бр. 0202-1167 од 29. V. 1968 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост, се проширува и со производство на сода-вода и други освежителни безалкохолни пијалоци и тоа: оранжада, кокти, сокови и слично.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 668 од 21. X. 1968 година. (2202)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1260, страна 1523, книга V е запишано под фирма: „Агрострој“ — Трговско претпријатие на големо и мало — Чачак — Претставништво во Скопје, ул. „Душко Поповиќ“ бр. 17. Предмет на работењето на претставништвото е заклучување на договори за купопродажба на стока, во име и за сметка на претпријатието.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на „Агрострој“ Трговско претпријатие, на големо и мало — Чачак, со одлуката бр. 4820/1 од 25. VI. 1968 година.

Раководител на претставништвото е Ивковски Михајло.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува, и раздолжува во границите на овластувањето, матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1073 од 8. XI. 1968 година. (2208)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, рег. бр. 19/68, книга II е запишана под фирма: Продавница-трафика број 7 во Струга, на Трговското претпријатие „Тутун“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата — трафика е продажба на мало, на цигари, кибрит, таксени и поштенски вредносници и разна ситна стока од регистрираната дејност на матичното претпријатие.

Раководител на продавницата-трафика е Ќерим Имер.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Тутун“ од Скопје, со одлуката бр. 03-2113 од 5. VIII. 1968 година на работничкиот совет, и решението бр. 08-88/36 од 23. VII. 1968 година, на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 384/68. (1949)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. VIII. 1968 година, рег. бр. 11/68, книга II е запишана под фирма: Продавница број 7 во село Лабуништа, Струга, на Трговското претпријатие „Цветан Димов“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на текстил, текстилни производи, галантерија и емајлирани производи.

Раководител на продавницата е Ејусловски Ѓуладин.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Цветан Димов“ од Скопје, и решението бр. 08-1571/26 од 28. III. 1968 година, на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 278/68. (1950)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, рег. бр. 89/55, книга III е запишано следното: Се менува фирмата на Откупната станица за лековити растенија и земјоделски производи, овошје и зеленчук „Алкалоид — Билка“ од Струга, на „Алкалоид — Билка“ — индустрија за фармацевтски, хемиски производи и промет со лековити растенија — Скопје и гласи: Откупна станица за откуп на лековити растенија и земјоделски производи „Алкалоид“ — Струга, на индустријата за фармацевтски, хемиски производи и лековити растенија „Алкалоид“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 365/68. (1972)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните. рег. бр. 1250, страна 1471, книга V е запишана под фирма: Претпријатие за преработка на волнени и памучни предива „Полет“ — Сврљиг — Продавница во Скопје, ул. 106а“ бр. 24. Предмет на работењето на продавницата е продажба на текстил, обувки, куса и плетена стока и конфекција и тоа: памучна и волнена трикотажа, џемпери, пуловери, шалови, ракавици, чорапи, душеци, јоргани, обувки и конфекција, сите видови лесна и тешка конфекција.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Претпријатието за преработка на волнени и памучни предива „Полет“ — Сврљиг, со одлуката од одржаната седница на 31. I. 1968 година.

Раководител на продавницата е Спировска С. Павлина.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стоапнски суд во Скопје, Фи. бр. 588 од 20. VI. 1968 година. (1874)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните. рег. бр. 1249, страна 1467, книга V е запишана под фирма: „Полет“ — Претпријатие за преработка на волнени и памучни предива — Сврљиг — Продавница во Скопје, ул. „Стив Наумов“ бр. 119. Предмет на работењето на продавницата е продажба на текстил, обувки, куса и плетена стока и конфекција и тоа: памучна и волнена трикотажа, џемпери, шалови, ракавици, чорапи, душеци, јоргани, обувки и конфекција, од сите видови, лесна и тешка конфекција.

Продавницата е основана од работничкиот совет „Полет“ — претпријатие за преработка на волнени и памучни предива Сврљиг, со одлуката од одржната седница на 31. I. 1968 година.

Раководител на продавницата е Демировиќ Хашима Рамиз.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 587 од 20. VI. 1968 година. (1873)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. VII. 1968 година, страна 484, реден број 3 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Струмица, ул. „Крсте Мисирков“ бр. 20. Продавницата ќе врши продажба на сите видови земјоделско-прехранбени производи, земјоделско-индустриски растенија, сточни производи, сувомесни производи и колонијални стока.

Продавницата е основана од Земјоделското претпријатие „5 ноември“ од Струмица.

Раководител на продавницата е Јанко Цонев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 02-1/170 од 19. VII. 1968 година на работничкиот совет на претпријатието и решението бр. 12-23/4090 од 17. VII. 1968 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 381/68. (1844)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1044, страна 203, книга V е запишано следното: Досегашниот потписник на Трговското претпријатие, на големо и мало „Лисичанка“ село Горно Лисиче, Скопско, Крсте Павлов Цветановски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на Трговското претпријатие, на големо и мало — Лисичанка“ — село Горно Лисиче е назначен Ајдари Ајет, раководител на комерцијалната служба, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Ристо Тодоров Петрушевски, в. д. директор, сметано од 1. VIII. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа, а во случај на отсутност на еден од потписниците, ќе важи и поединечен потпис од двата потписника.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 898 од 19. VIII. 1968 година. (1771)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 7. III. 1968 година, страна 291, реден број 1, е запишано основањето на Автотранспортно претпријатие „Младост“, со седиште во Виница.

Претпријатието ќе врши превоз на стока и патници, и работа во механичка работилница.

Овластени лица за потпишување на претпријатието се: Стојан Георгиев Митевски, в. д. директор и Бранко Блажев Михајловски, шеф на сметководството.

Впишувањето на претпријатието е извршено во дека во регистарот на стопанските организации, на истото: Стојан Митевски, Борис Иванов, Крум Митевски, Бранко Блажев, Коле Зашов Ѓоргиев, Љупчо Донев, Киро Петров, Доне Стоилов, Митко Стојков, Петко Михајлов, Миле Панов, Саре Стоилков, Коста Стаменков, Симо Ѓорѓиев и Димитар Пантев.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 89/68. (1598)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. III. 1968 година, страна 469, реден број 1, е запишано основањето на Услужно-трговското претпријатие „Илиница“, со седиште во село Дедино, Радовишко.

Претпријатието ќе врши услуги на земјоделци за производство во земјоделието и производство и продажба на вар.

Потпишувањето на претпријатието ќе го вршат Станој Георгиев Ристов, в. д. директор на истото, и Милан Камчев Ристов, претседател на работничкиот совет.

Впишувањето на претпријатието е извршено во регистарот врз основа одлуката од 14. III. 1968 година на работничкиот совет и потврдата број 04-533 од 5. III. 1968 година на Одделението за финансии на Собранието на општината Радовиш.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 125/68. (1601)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 13. III. 1968 година, страна 465, реден број 1, е запишано основањето на Тракторското услужно претпријатие „Илинден“, со седиште во село Војславци, Радовишко.

Претпријатието ќе врши услуги со трактори и комбајни со орање, дрлање, тањирање; транспортни услуги — превоз на земјоделски производи, градежни материјали и др., на територијата на општината; услуги со комбајнерска работа, — имено вршидба, жетва и др. на територијата на општината; вршење откуп и продажба на земјоделски производи, како и производи, — сточарски, репродукциони материјали, семиња и ѓубрива на територијата на општината и СФРЈ.

Директор на претпријатието е Перо Т. Петров, кој е овластен да го претставува и потпишува.

Освен директорот претпријатието ќе го потпишува и Ванчо Манасков Петровски, чии потписи важат колективно.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката на основачкото собрание — иницијаторите: Перо Петров, Ванчо Петров, Љубен Георгиев, Владо Георгиев, Андон Коцев, Велин Спасов и Љупчо Димитров, како и решението бр. 05-476 од 24. II. 1968 година на Комисијата за вршење прегледи на простории наменети за продавници на Собранието на општината Радовиш.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 103/68. (1603)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. VI. 1968 година, рег. бр. 25/56, книга II, е запишана под фирма: Продавница број 1 во Крушево, ул. „Илинденска“ бр. 16 на Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ — под присилна управа — Крушево. Предмет на работењето на продавницата е промет на млеко и млечни производи, сувомесни и деликатесни производи, шеќерни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, тестенини и јајца.

Раководител на продавницата е Божин Момировски.

Продавницата е основана од Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ од Крушево, со одлуката бр. 010-10/1 од 15. IV. 1968 година на работничкиот совет и уверението бр. 10-43/54 од 17. IV. 1968 година од инспекциските служби на Собранието на општината Крушево.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и Земјоделското стопанство „Мише Ефтимов“ од Крушево.

